Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| **Седмица 6**<br>**Датум:** | | | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Одредува непознат број во собирање 6 + = 10** | | | **Одделение: I** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин. | Ја препознава употребата на знакот на местото на непознат број при собирање, на пр: 6 + = 10. | Можам да одредувам непознат број во собирање 6 + = 10 | Во воведната активност се работи со сите ученици и со карти со цифри. Секој ученик извлекува по една карта и на даден знак формира пар со друг ученик за да добие збир 10. Се врши повторување на поимите прв собирок, втор собирок, збир. Наставникот на таблата пишува броен израз 2 + 8 = 10. Објаснува дека првиот број се вика прв собирок, вториот број се вика втор собирок и на крајот бројот што го добивме од собирањето се вика збир. Барам неколку ученици да ја решат со | З<br>И/З | Карти со броеви<br>Бројна оска<br>Табела 100 | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување |
| 20 мин. | Ја препознава употребата на знакот на местото на непознат број при собирање во конкретни ситуации и ги користи знаците. | Знам да одредувам непознат број во собирање 6 + = 10 | помош на бројната оска, но и да кажат како ја решиле. Од други барам да форимираат броен израз кој го запишувам на табла, пример: 6 + = 10. Воочуваме дека на бројот 6 треба да му додадеме број и да добиеме збир еднаков на 10. Индивидуално секој ученик добива капачиња и треба да пресмета кој е бројот што треба да го додаде на бројот 6 за да добие 10. Потоа учениците работат во групи и ги решаваат бројните изрази запишани на таблата.<br>4 + = 10, 7 + = 10, 3 + = 10 | И<br>Г | Капачиња, сметалки, гравчиња<br>Табла и креда | |
| 10 мин. | Користи стратегии за пресметување и ја објаснува постапката. | Умее да објасни како пресметува | Ја следам нивната работа, помагам, посочувам, а учениците го определуваат непознатиот број во бројниот израз. Задачатите ги решаваме на табла. | | | |

| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| | Состави и реши 5 задачи со Одредувам непознат број во собирање 6 + = 10. | Колку повеќе е... од...?, почнете од, почнете со, покажи ми, стави, место, се вклопуваат, организирање, ги подредува, промена. |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица 6**<br>**Датум :** | | | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Одредува непознат број во одземање 10 –   = 6** | | | **Одделение: I** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br><br><br><br><br><br><br>20 мин.<br><br><br><br><br><br><br>10 мин. | Го разбира одземањето како броење наназад и одземање на една количина од друга, го препознава одземањето во конкретни ситуации.<br><br>Ја препознава употребата на знакот на местото на непознат број при одземање (на пр: 10 - ___ = 6). | Го разбирам одземањето како броење наназад и одземање на една количина од друга<br><br><br><br>Можам да решавам бројни изрази со одземање со користење на математичките знаци - и =<br><br>Можам да ја препознаам употребата на знакот - или = на местото на непознат број при одземање | Со учениците дискутираме за тоа дека кога одземаме тогаш броиме наназад или се одзема и решаваме проблеми кои вклучуваат одземање или броење наназад со одредување непознат број во одземањето.<br>Им кажувам повеќе текстуални задачи со одземање кои треба да ги претставаат како бројни изрази во своите тетратки, а потоа и да ги решат. Јас задачите ги запишувам на табла. Пр: Во еден сад има 11 топчиња. Колку топчиња треба да се одзедмат за да на крајот останат 6 топчиња? Или на пр: На прослава за роденден имало 20 гости, но до крајот на роденденот останале 15 гости. Колку гости си заминале во текот на прославата? Продолжуваме со повеќе вакви примери.<br>На учениците им давам неколку примери на задачи со одземање со оставено празно место (на кое треба да додадат точен број) со цел да се добие точен резултат. Задачите ги запишувам на табла, додека учениците ги запишуваат задачите во своите тетратки, а потоа ги решаваат.<br>Пр: 20 -  __ = 15 или ___ - 9 = 10 или 14 - ___ = 9 или 10 - ___ = 4 или ___ - 6 = 6 | З/И<br><br><br><br>З/И<br><br><br><br><br>И/З<br><br><br><br><br><br>И | Тетратки<br><br>Прибор за пишување<br><br>Табела 100<br><br>Бројна оска | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување<br>Споредување |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| | | | Да состават и решат по 10 задачи со одземање со одредување непознат број во одземањето, по примерот на задачите што се решавани во текот на часот. | | Да се одземе (далеку), оставете го, колку се оставени / останати? Колку си заминале? Еден помалку, два помалку... десет помалку... | |

obrazovanie.literatura.mk

| Седмица 6<br>Датум: | | | Тема: Број и решавање проблеми<br>Наставна единица: Непроменливост на збирот, собирање на два начина, збир до 20 и поголемо од 20 | | | Одделение: I |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>20 мин.<br><br><br><br><br><br>10 мин. | Го разбира собирањето како броење нанапред и кобинирање на две количини, го препознава собирањето во конкретни ситуации.<br><br>Разбира дека промената на редоследот на собирците не го менува збирот.<br><br>Го проверува одговорот со собирање на броевите со различен редослед. | Можам да собирам броејќи нанапред од 0 до 20 и повеќе.<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>Знам да собирам со промена на редоследот на собирците, но збирот да остане ист.<br><br><br>Умеам да објаснам како се пресметува и да го проверам одговорот со собирање на броевите со различен редослед. | Поставување текстуални задачи, решавање заеднички и поттик самите да измислат текстуална задача и да ја решат.<br><br>Во групи од по 3 ученици со по две коцки се решаваат задачи и притоа се применува веќе наученото, да ги промениме местата на собироците и да увидиме дека збирот не се менува.<br><br>Игра Ако е ако е...<br>Во пар едниот ученик има задача да рече Ако е ако е 5 + 3 = 8, вториот веднаш да продолжи тогаш и 3 + 5 се 8.<br><br>Добиваат лист и задача да ги напишат и пресметаат сите парови броеви кои даваат збир до 20 и да ја проверат непроменливоста на збирот. | 3<br><br><br><br>И/П<br><br><br>И | Тетратка<br>Учебник<br>Коцки | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| | | | | | Додадете, повеќе, уште еден, два повеќе... десет повеќе, ги подредува, промена, +, да додадете, повеќе, плус, сума, вкупно, заедно. | |

obrazovanie.literatura.mk

Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| **Седмица 6**<br>**Датум:** | | | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Непроменливост на збирот** | | | **Одделение: I** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>20 мин.<br><br><br><br><br><br><br><br>10 мин. | Да ги препознава знаците +, -, = во математички искази што се однесуваат на собирањето. Да го разбира собирањето како додавање напред и комбинирање на две количини.<br>Да размислува усно.<br>Да разбира дека собирањето може да се врши во секој редослед.<br>Да користат ментални стратегии за да пресметуваат – собираат.<br>Да го проверува одговорот на решението со собирање на броеви во различен редослед. | Можам да ги препознам знаците +, -, = од Математичкиот семафор.<br>Можам да го разберам собирањето како додавање напред и комбинирање на две количини.<br><br>Можам да научам да соберам со промена на местото на собироците.<br><br>Можам да објаснам како ги проверив одговорите на моето другарче. | Активност за загравање – Преку прашања од наставникот и одговори од учениците се врши повторување на наученото со препознавање и извлекување на знаците +, -, = од Математичкиот семафор (секој ученик пред себе има Математички семафор).<br>Истакнување на пример на табла напишан на хартија (15+3=18, 3+15=18) и објаснување дека собирањето е додавање напред и комбинирање на количините – собироците.<br><br>Учениците претходно се поделени во две поголеми групи Г1 и Г2 по случаен избор. Наставникот дава упатство за работа:<br>Г1 – Работа со наставникот преку работен лист со задачи со примена на празно квадратче – пишување на соодветен број (цифра).<br>Г2 – Индивидуална работа на учениците преку работен лист со користење на картички со напишани броеви од 0 – 20 и нивно лепење на соодветното празно место.<br><br>На табла се дадени само математички изрази во кои се понудени само + и =, а учениците треба да дополнат математички израз со пишување на собироците кои ќе им ги кажам и да дојдат до решението. Ова го запишуваат во своите тетратки. | З<br><br><br><br><br><br><br><br>Г<br><br><br><br><br><br><br><br>И | Математички семафор – по еден сет за секого<br><br>Компјутерски софтвер http://www.eduplace.com/cgi- | Набљудување<br>Дискусија<br>Прашања/одговори<br><br>Работен лист бр. 1<br>Работен лист бр. 2<br><br>Набљудување<br>Дискусија<br><br>Табла<br>Набљудување<br>Дискусија |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Активност за загревање – Организација на целото одделение. Учениците треба да ги имаат своите математички семафори ставени пред нив, за да можат да ги пронајдат и извлечат знаците +, -, =. | | | | | Плус, собира, собирање, собироци, збир, вкупно, заедно, е еднакво, е исто како. | |

obrazovanie.literatura.mk